РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Државен просветен инспекторат**

Број. 31-381/4

---.06.2025 година

Скопје

| СОУ „Исмет Јашари“ – с.Липково | |
|---|---|
| Извештај од извршена интегрална евалуација | |
| **Датум на интегрална евалуација:** | 28, 29 и 30.04.2025 година |
| **Број на извештај:** | 1/Североисточен /2025 година |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Afrim Saliu |
| **Вид на училиштето:** | Општо средно образование |
| **Подрачни/ дисперзирани паралелки** | / |
| **Основач на училиштето:** | Општина Липково |
| **Наставен јазик:** | Албански наставен јазик |
| **Број на ученици:** | 374 |
| **Полова структура на ученици:** | 161 машки и 213 женски |
| **Број на наставници:** | 36 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Бурим Шабани |
| **Директор на училиштето:** | Исни Алији |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | 10,11 и 12.12.2018 |
| **Адреса на училиштето:** | С.Липково, Општина Липково |
| **Телефон:** | 031/463-888 |
| **Факс:** | / |
| **e-mail:** | gjim-lik@hotmail.com |
| **Веб страница** | ismet-jashari.edu.mk |
| **Оценка ИЕ** | **Добар (2,52)** |

Инспекцискиот надзор е извршен согласно членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветната инспекција („Сл. весник на РМ“ број 52/05, 81/08, 148/09, 57/10, 51/11, 24/13, 137/13, 164/13, 41/14 33/15, 145/15, 30/16) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Сл. весник на РМ“ број 86/2006).

# Резиме

Во согласност со Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат и Законот за Просветната инспекција на 28, 29 и 30.04.2025 година, тим од тројца државни просветни инспектори спроведоа интегрална евалуација во СОУ „Исмет Јашари“ – с.Липково.

Подготвителната фаза од интегралната евалуација е спроведена од раководителот на инспекцискиот тим со посета на училиштето и прибирање на сите потребни документи во кои се содржат податоци за работата на училиштето.

Од целокупната евиденција и документација која што беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со различните фокус групи, од посетените наставни часови, анализата на претходно доставените прашалници и се она што можеше да се види на лице место, тимот од државни просветни инспектори констатира дека работата во СОУ „Исмет Јашари“ – с.Липково се оценува со **добар (2,52)**[1].

Наставата во СОУ „Исмет Јашари“ – с.Липково се реализира врз основа на наставни планови и програми за гимназиско образование и четиригодишно стручно образование. Наставата во наведените образовни профили се изведува на албански наставен јазик. Во училиштето се применуваат наставни планови и програми по предлог на Бирото за развој на образованието и Центарот за стручно образование и обука, во согласност со донесените програмски документи од Министерството за образование и наука за Гимназиско и четиригодишно стручно образование. Во средното стручно образование, застапени се образовните профили:

- Здравствена струка со еден образовен профил: медицински техничар-медицинска сестра (четиригодишно стручно образование);

Практичната настава и вежбите се изведуваат во училишни специјализирани лаборатории кои што располагаат со помошна просторија за зачувување на наставните средства, хемикалиите и експериментите.

- Гимназиско Образование.

Училиштето со брошура и флаери ги информира родителите, учениците, како и сите други заинтересирани странки коишто бараат информација за струките и образовните профили, како и со наставниот план за секоја образовна година и целите на наставните програми по наставните предмети кои учениците ќе ги изучуваат.

Најголем дел од наставниците навремено изготвуваат планирања за наставниот процес. Планирањата се изработуваат индувидуално.

Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигнувањата на учениците по пол, наставни предмети и за сите класификациони периоди по паралелки и години. Училиштето изготвува полугодишни и годишни извештаи, како и споредбедни и компаративни анализи за постигнувањата на учениците. Според изготвените анализи, постигнувањата на учениците од трите претходни учебни години во училиштето е добар (3.30). По завршување на последната

1

Според класификацијата од Индикаторите за квалитет на основните и средните училишта, постојат четири квалитативни нивоа:
Не задоволува,
Делумно задоволува,
Добро и
Многу добро.

година од Гимназиското образование учениците се определуваат за полагање државна матура и завршен испит.

Училиштето планира и презема активности за подобрување на постигнувањата на учениците, во соработка со родителите преку советување на учениците и родителите од страна на стручната служба.

Училиштето обезбедува услови за запишување на ученици од општина Липково. Училиштето месечно ги ажурира податоците за запишаните ученици и води соодветна евиденција. Училиштето има воспоставен систем за прибирање на податоци за опфатот на ученици при преминот од средно образование во високо образовните установи.

Училиштето ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема активности. Соработува со родителите за нередовноста на учениците во наставата. Училиштето ги реализира советувањата на родителите за нередовност на учениците и води уредна документација. Изостаноци за учебната 2023/2024 година се оправдани 927 изостаноци, неоправдани се 251 изостаноци или вкупно се 1178 изостаноци. Со спроведување на советувањето во училиштето зголемена е редовноста на учениците.

Во последните три учебни години учениците ја завршиле годината. Училиштето ги запознава учениците со правото за поднесување жалба, односно приговор до Наставничкиот совет доколку постои незадоволство од оценките на крајот на учебната година. Во последните три учебни години, на крајот на учебната година немало ученици на поправен испит. Во последните три учебни години, на крајот на учебната година немало ученици на поправен испит.

Сите наставници изготвуваат планирање за редовната настава, додатната и дополнителната настава.

Тимот за меѓуетничка интеграција во образованието недоволно им обезбедува поддршка на наставниците за вградување на целите од меѓуетничка интеграција во планирањата на наставниците. Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП. Мал број наставници имаат планирани активности за реализација на содржини од меѓуетничка интеграција, екологија, здравје и општо корисна работа.

Наставниците планираат во рамки на стручни активи, користат стручни искуства од обуки, делумно од регионална соработка со други училишта и меѓународни искуства. Употребата на ИКТ во наставата не е согласно предвидената динамика во Годишните планирања. Изборот на задачите и активностите (со различно ниво на сложеност) од страна на поголем број наставници не се приспособени на индивидуалните образовни потреби на учениците. Најголем број од наставниците ги користат расположливите ресурси (нагледни средства). Од страна на помал број наставници на учениците им овозможува да работат според сопствените можности.

Учениците кај поголем број наставници имаат можност да го искажат сопственото мислење притоа почитувајќи го мислењето на другите. Нивното мислење од страна на поголем број наставници не се зема во предвид при решавањето проблеми и при одлучувањето.

Поголем број наставници користат методи, форми и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците.

Училишниот објект се наоѓа веднаш до главната улица каде сообраќајот е многу фреквентен. Учениците и вработените при излез од училишниот објект се изложени на ризик со стапнување на тротоарот на главната улица, од причина што на два метри се од главната улица која што е многу фреквентна за сообраќај и истиот е безбеден за одвивање на наставата. Инфраструктурата во училиштето е безбедна и не претставува опасност за повреди на учениците. Училиштето има политика за забрана на пушење, внесување цигари како и други наркотични средства во училишниот објект.

Хигиената во училишните простории и во ходниците задоволува, додека во дел од тоалетите посебно на учениците не задоволува. Училниците се чистат и проветруваат а ходниците се чистат после завршување на секоја смена.

СОУ „Исмет Јашари“ општина Липково, има извршено дезинфекција, и дератизација на училишните простории за тековната учебна година.Училиштето постапува по препораките и насоките на санитарната инспекција во врска со одржувањето на хигиената во училиштето и заштитата од заразни болести.

Преминувањето на учениците во друго училиште е во согласност со законските прописи. Училиштето применува законски постапки со договорни процедури и има податоци за учениците кои доаѓаат од друго училиште.

Училиштето е препознатливо по својот изграден углед и имиџ, кој најповеќе се темели на покажаните резултати односно постигањата на учениците во различни области, како и освоените награди на општинско, регионално и на државно ниво. Училиштето има сопствена визија и мисија и се бележат активности за нивно исполнување. Училиштето води политика на поттикнување на наставниот кадар и учениците да учествуваат и постигнуваат успех на натпревари на ниво на локална заедница и пошироко.

Наставата во училиштето ја реализираат 36 наставници од кои 36 наставници се со високо образование, од нив 2 наставници имаат завршени магистерски студии и 1 наставник има завршено докторски студии. Од вработените наставници 35 се соодветни по норматив за наставен кадар, а 1 (еден) наставник по латински јазик за 10 наставни часа и 6 часа по историја е несоодветен.

Во училишната библиотека ангажирано е едно лице стручен соработник – библиотекар со полно работно време. Училиштето има стручни соработници и тоа педагог, психолог, социјолог и дефектолог. По потреба тие им даваат стручна помош на наставниците, а по потреба советодвано дејствуваат врз родителите и учениците.

Училишниот одбор на училиштето е конституиран во согласност со законската регулатива и Статутот на училиштето и истиот се состои од 11 членови и претставник од Стопанска комора на РСМ без право на глас. Од 11 членови на Училишен одбор, од нив 10 се со актуелен и важечки мандат, додека на 1 член претставник од МОН му е истечен мандатот во 2018 година и се уште нема назначено нов член.

Работата на училишниот одбор е јасно дефинирана со Деловникот за работа на училишниот одбор заведена под бр.02-4/4 од 16.01.2025 г. Годишна програма за работа на училиштето заведена под бр.01-170/2 од 12.08.2024 година и усвоена од Училишниот одбор и заведена под бр.02-170/3 од 12.08.2024 г. Годишната програма за работа на училиштето содржи посебна програма за работа на Училишниот одбор.

Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури. Училиштето нема реализирано обука за членовите на училишниот одбор. Работата е транспарентна за сите структури во училиштето.

Раководен орган во училиштето е Директор избран со Решение бр.02-835/5 од 30.09. 2024 година на Градоначалникот на Општина Липково, со претходно искуство за директор од четири години и в.д. директор од 6 месеци. Истиот поседува Уверение бр.11-43/3 од 27.07.2020 година за положен испит за директор. Истиот поседува диплома за завршено високо образование и стекнат назив професор по физичка култура со диплома бр.111 од 15.12.2003 година издадено од Факултет за физичка култура при Универзитетот во Приштина, Р.Косово. Поседува и Одлука бр.09-681/2 од 05.04.2004 година за признавање на високообразовна квалификација стекната во странство издадено од Министерство за образование и наука на РМ. За својата работа директорот на училиштето има изготвено Програма за работа која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2024/2025 година.

За учебната 2024/2025 година, училиштето има изготвено Годишна програма за работа на училиштето заведена под бр.01-170/2 од 12.08.2024 година и усвоена од Училишниот одбор и заведена под бр.02-170/3 од 12.08.2024 г. Самоевалуација на училиштето бр.01-174 од 13.08.2024 година ги опфаќа учебната 2022/23 и 2023/24 година и истиот е изготвен согласно индикаторите.

Програмата за развој на училиштето со дел.бр. 01-173/3 од 13.08.2024 година опфаќа 4 години, односно 2024 – 2028 година. Истиот е усвоен од Училишен одбор со Одлука бр.02-173/4 од 13.08.2024 година. Училиштето има Статут заведен под бр.03-191/4 од 26.08.2021 година и истиот има согласност од Министерството за образование и наука на РСМ заведен под УП1 бр.18-2535 од 07.09.2021 година.

Во училиштето со Одлука бр.09-224/1 од 11.09.2024 година, формиран е инклузивен тим, составен од десет члена. Инклузивниот тим во континуитет соработува со родителите на децата и истите ги вклучува при изработка на Индивидуалните образовни програми и го следи напредувањето на учениците со посебни образовни потреби.

Училиштето има донесено Деловник бр.09-34/10 од 20.11.2024 година за работа на Совет на родители, во кои се содржани правата и обврските на советот.

Училиштето има регистрирано Училишен спортски клуб СОУ„Исмет Јашари“ с.Липково, Липково со деловоден број во Централен регистар 31020160000365 од 03.10.2016 година. Клубот е активен во фудбал и одбојка.

Училиштето има партнер училиште за соработка. Има Меморандум за соработка со СОУ„Митко Пенџуклиски“ – Кратово заведен со бр.03-76/1 од 17.03.2014 година. Има изготвено план за реализација на активности од меѓуетничка интеграција на младите за запознавање со обичаите, културата и традицијата на другите народи. Училиштата тоа го постигнуваат преку меѓусебна реализација на проектот во рамките на МИО и воннаставни активности.

Училиштето има Кодекс за однесување на вработените и учениците во училиштето, во кои се поставени принципите и правилата на однесување на учениците, на наставниците и стручните соработници и Куќен ред за однесување на сите вработени. Во истите еднакво се третираат сите ученици без разлика на социјалните, половите, етничките и интелектуалните разлики. Во нивната изработка учествувале сите структури, а се усвоени од органите и телата на училиштето.

# Карактеристики на училиштето

Средното Општинско Училиште Гимназија „Исмет Јашари“ – Липково е основано со Одлука бр.07-353/9 од 22.04.2010 година на Совет на Општина Липково. Со наведената одлука основано е Средното Општинско Училиште Гимназија „Исмет Јашари“ – Липково на подрачјето на Општина Липково.

Училиштето е верифицирано од страна на Министерството за образование и наука на РМ со Решение бр.11-1769/5 од 15.06.2010 година за реализација на наставниот план и наставната програма за гимназиско образование. Училиштето е верифицирано од страна на Министерството за образование и наука на РСМ со Решение бр.УП1 13-409 од 15.10.2024 година за реализација на наставниот план и наставната програма за образовниот профил/квалификација медицинска сестра од здравствена струка/сектор здравство и социјална заштита. Училиштето е верифицирано од страна на Министерството за образование и наука на РСМ со Решение бр.УП1 13-10789/4 од 31.12.2024 година за реализација на наставниот план и наставната програма за образовниот профил/квалификација медицинска сестра од здравствена струка/сектор здравство и социјална заштита, техничко образование за паралелка со зголемен број на часови по практична настава.

СОУ „Исмет Јашари“ – Липково има својство на правно лице стекнато со уписот во Централен регистар на Република Северна Македонија под ЕМБС 6642136. Наставата се реализира во една смена и се одвива на Албански наставен јазик.

Училишната зграда е од тврда градба на три нивоа (подрум, кат 1 и кат 2 ). Училиштето користи дел од зградата и тоа: дел од подрумските простории, на 1 кат и 2 кат. Училиштето работи во објект од тврда градба со вкупна површина од 3500 $м^2$ (податок земен од неофицијални документи). Училишниот двор има вкупна површина од 2323 $м^2$ од кои 1200 $м^2$ озеленета површина, а преостанатите 2273 $м^2$ се спортска сала, паркинг за возила и велосипеди (податок земен од неофицијални документи).

Наставата во училиштето се изведува во 18 училници, 3 кабинет по Информатика, Медицина и кабинет по Музичко образование. Покрај наведените простории за изведување на наставата во училиштето, постојат и дополнители простории: канцеларија за училишната стручна служба (педагог и социјолог), канцеларија за дифектолог и педагог, канцеларија за секретар и сметководство, канцеларии за одоговорните лица, просторија за техничкиот персонал и канцеларија за директорот.

Училиштето се загрева на централно греење. Во училиштето има ПТТ врска, има громобранска инсталација во еден дел од училишната зграда, располага со 3 функционални хидранти и 10 ПП апарати и истите се сервисирани од овластена фирма од 05.02.2025 година од Друштво за противпожарна заштита„Превентива 2018"

Во СОУ „Исмет Јашари“ – Липково во учебната 2024/25 година вкупно се запишани 374 ученици од кои 161 машки и 213 женски, распределени во 17 паралелки.

Наставата во училиштето ја реализираат 36 наставници од кои 36 наставници се со високо образование, 2 наставници имаат завршени магистерски студии и 1 наставник има завршено докторски студии. На неопределено работно време се вработени 22 наставници и 14 наставници на определено работно време.Според полот 22 се жени и 14 се мажи, а според етничката припадност 1 македонци и 35 наставници се албанци.Според работниот стаж во воспитно образовни установи 21 наставници се до 10 години работен стаж, 14 наставници се со стаж од 11-20 години, 1 наставници се со работен стаж од 21-30 година.

Од вработените наставници 35 се соодветни по норматив за наставен кадар, а 1 (еден) наставник по латински јазик за 10 наставни часа и 6 часа по Историја е несоодветен, но

училиштето поднело Барање до АВРСМ, како и објавен конкурс на кој не се јавил содветен наставник за предметот Латински јазик и Историја.

Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположивите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците.

# 1. НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

## 1.1. Реализацијата на наставните планови и програми

Во училиштето се применуваат наставни планови и програми по предлог на Бирото за развој на образованието и Центарот за стручно образование и обука, во согласност со донесените програмски документи од Министерството за образование и наука за Гимназиско и четиригодишно стручно образование. Наставниот план и програма (задолжителни и изборни предмети) се реализираат во пропишаниот обем.

Во тековната учебна 2024/2025 година се изведува настава и други форми на воспитно-образовна работа во вкупно 17 паралелки со вкупно 374 ученици. Содржините во најголем број наставни програми не овозможуваат постигање на целите за меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост. Во средното стручно образование, застапени се образовните профили:

- Здравствена струка со еден образовен профил: медицински техничар-медицинска сестра (четиригодишно стручно образование);

Практичната настава и вежбите се изведуваат во училишни специјализирани лаборатории кои што располагаат со помошна просторија за зачувување на наставните средства, хемикалиите и експериментите.

- Гимназиско Образование.

Училиштето со брошура и флаери ги информира родителите, учениците, како и сите други заинтересирани странки коишто бараат информација за струките и образовните профили, како и со наставниот план за секоја образовна година и целите на наставните програми по наставните предмети кои учениците ќе ги изучуваат.

Родителите се информираат на родителските средби од страна на класниот раководител, преку Совет на родители или преку учениците, а многу ретко, на сопствена иницијатива бараат информации од предметните наставници и стручната служба.

На почетокот на учебната година на првиот родителски сотанок, родителите добиваат листи со наставни предмети што ќе ги изучуваат учениците во таа година, фонд на часови и предметни наставници кои ке им предаваат, воедно и распоредот на часовите, исто така се укажува дека на интернет има веб-страна со наставни планови и програми.

Училиштето има воспоставено процедури и користи повеќе начини да ги информира родителите, учениците и другите училишни тела за целите и содржините на наставните планови и програми што се реализираат. Информирањето го спроведува преку електронскиот дневник, информирање од страна на наставниците на класните часови или родителските средби.

Во училиштето има 8 ученици со посебни образовни потреби, од кои 3 ученици се со наод и мислење, а 5 ученици се без наод и мислење, со кои работат стручниот соработник - специјален едукатор и рехабилитатор (дефектолог) .

За работа со учениците со посебни потреби, формиран е инклузивен тим составен од десет члена со Решение број 09-224/4 од 11.09.2024 година и училиштето има изработено Програма за работа со ученици со посебни образовни потреби. Со учениците со посебни образовни потреби од страна на наставниците не се работи според ИОП. Со учениците со посебни образовни потреби работи дефектолог и психолог. Наставниците не посетувале обука за работа со ученици со посебни образовни потреби.

Училиштето нуди изборни предмети, според наставниот план. Постапката за определување на изборни предмети не се применува во целост, доследно не се почитуваат

потребите и барањата на учениците. Избор се врши со спроведување на анкети со учениците со насочување кој предмет да го изберат.

### 1.2. Квалитетот на наставните планови и програми

Училиштето планира активности за доставување мислење од страна на наставниците, стручните соработници и родителите за обемот и содржината на наставните планови и програми и учебните помагала од аспект на мултикултурализам, родова и етничка рамноправност.

Има добри примери на соодветно вградени особености на локалната средина во поставените цели во наставните програми, наставните помагала, како и во содржините и активностите за негување на меѓуетничката интеграција во образованието..

Училиштето писмено до надлежен орган не покренува иницијатива за изменување и дополнување на наставните планови и програми.

### 1.3. Вонанаставни активности

Училиштето планира и реализира вонаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на помал број ученици и служат за развој на граѓанските и општествените компетенции за доживотно учење.

Учениците учествуваат во секции и во вонаставните активности според сопствен избор и со демократска и транспарентна процедура.

За проширување на знаењата од повеќе области: развивање на здрави навики и спортување, развивање на логика и логичко размислување, потикнување на дружељубивост учениците согласно своите знаења, умеења и вештини се вклучени во 10 секции и ученички организации. Учениците немаат клучна улога во подготвувањето на Програмите за работа за реализација на вонаставни активности.

Училиштето во последните три години има учествувано на мал број манифестации и на натпревари од различни области што се организираат на општинско регионално и меѓународно ниво. Училиштето се стекнало со медали, пехари, дипломи, сертификати, благодарници и пофалници.

Училиштето организира крводарителски и хуманитарни акции во соработка со Црвен Крст. Училиштето има партнер училиште за соработка. Има Меморандум за соработка со СОУ„Митко Пенџуклиски“ – Кратово заведен со бр.03-76/1 од 17.03.2014 година. Има изготвено план за реализација на активности од меѓуетничка интеграција на младите за запознавање со обичаите, културата и традицијата на другите народи. Преку проектот за меѓуетничка интеграција во образованието училиштето има воспоставено грижа за унапредување на компетенциите на наставниот кадар и соработка со институциите на централно и локално ниво, бизнис заедницата за реализирање на активностите од меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска активност.

Училиштето има регистрирано Училишен спортски клуб СОУ„Исмет Јашари“ с.Липково, Липково со деловоден број во Централен регистар 31020160000365 од 03.10.2016 година. Клубот е активен во фудбал и одбојка. Училиштето за афирмирање на вонаставните активности користи социјални мрежии .

Ученичките екскурзии како вонаставни активности училиштето ги организира и изведува во согласност со Правилникот за организирање на ученички екскурзии и истите се планирани и се реализираат во текот на учебната година.

# 2. ПОСТИГНУВАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 2.1. Постигнувања на учениците

Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигнувањата на учениците по пол, наставни предмети и за сите класификациони периоди по паралелки и години. Училиштето изготвува полугодишни и годишни извештаи, како и споредбедни и компаративни анализи за постигнувањата на учениците. Според изготвените анализи, постигнувањата на учениците од трите претходни учебни години во училиштето е добар (3.30)

По завршување на последната година од Гимназиското образование учениците се определуваат за полагање државна матура и завршен испит.

Во последната учебна година 2023/2024, државна матура положиле вкупно 76 ученици, додека завршен испит положиле вкупно 20 ученици.

Учениците се оценуваат и по поведение со примерно поведение со добро поведение и со незадоволително поведение оценети.

Во учебната 2021/2022 година со примерно поведение вкупно се 405 ученици или 93.3 %, со добро поведение вкупно се 24 ученици или 5.5 %, додека со незадоволително поведение вкупно се 4 ученици или 0.9%.

Во учебната 2022/2023 година со примерно поведение вкупно се 382 ученици или 96.4 %, со добро поведение вкупно се 13 ученици или 3.3 %, додека со незадоволително поведение вкупно се 4 ученици или 0.3 %.

Во учебната 2023/2024 година со примерно поведение вкупно се 330 ученици или 86 .4%, додека со добро поведение вкупно се 52 ученици или 13.6 %.

Училиштето планира и презема активности за подобрување на постигнувањата на учениците, во соработка со родителите преку советување на учениците и родителите од страна на стручната служба.

Во трите претходни учебни години за родителите спроведени се 322 советувања и 346 советување со ученици. Советувања се спроведени по основ на намален успех, изостаноци и девијантно однесување. Од страна на стручните соработници (педагог и психолог) за намален успех се спроведуваат индивидуални советувања со учениците и родителите за што се води посебна соодветна евиденција. Со спроведување на советувањето во училиштето зголемена е редовноста на учениците.

Наставниците им даваат поддршка на учениците кои што имаат потешкотии во учењето и на надарените ученици. Училиштето има пропишано процедура и презема активности за следење на хоризонталното и вертикалното движење на учениците.

## 2.2. Задржување/ осипување на учениците

Училиштето обезбедува услови за запишување на ученици од општина Липково. Училиштето месечно ги ажурира податоците за запишаните ученици и води соодветна евиденција. Училиштето има воспоставен систем за прибирање на податоци за опфатот на ученици при преминот од средно образование во високо образовните установи.

Во училиштето постои тенденција за намалување на бројот на ученици во последните три учебни години и тоа:

Во учебната 2021/2022 година, бројот на ученици изнесувал 433, распоредени во 16 паралелки, во учебната 2022/2023 година, бројот на ученици изнесувал 396, распоредени во 16 паралелки, додека во учебната 2023/2024 година, бројот на ученици изнесува 330, распоредени во 17 паралелки.

Училиштето ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема активности. Соработува со родителите за нередовноста на учениците во наставата. Училиштето ги реализира советувањата на родителите за нередовност на учениците и води уредна документација. Изостаноци за учебната 2023/2024 година се оправдани 927 изостаноци, неоправдани се 251 изостаноци или вкупно се 1178 изостаноци. Со спроведување на советувањето во училиштето зголемена е редовноста на учениците.

Во последните три учебни години во училиштето дојдени се 2 ученици во текот на учебната година, а исто така отидени се 18 ученици. Училиштето ја почитува постапката за преминување на ученици од едно училиште во друго училиште. При преминот во друго училиште ги доставува информациите за воспитно - образовниот развој на ученикот, а при прием на ученик од друго училиште ги бара истите информации и ги зема предвид при понатамошната образовна работа со ученикот.

### 2.3. Повторување на учениците

Во последните три учебни години учениците ја завршиле годината. Училиштето ги запознава учениците со правото за поднесување жалба, односно приговор до Наставничкиот совет доколку постои незадоволство од оценките на крајот на учебната година. Во последните три учебни години, на крајот на учебната година немало ученици на поправен испит.

# 3. УЧЕЊЕ И НАСТАВА

## 3.1. Планирања на наставниците

Во училиштето има пропишани приоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата. Од страна на стручните соработници се води писмена евиденција. Училиштето им обезбедува поддршка на наставниците за вградување на целите од меѓуетничка интеграција, интегрираното образование, инклузија во образованието и еколошките содржини во планирањата на наставниците.

Сите наставници изготвуваат планирање за редовната настава,додатната и дополнителната настава. Најголем број наставници имаат годишни, тематски планирања и оперативен план за наставен час. Дел од наставниците користат планирања од минатите учебни години неземајќи го предвид составот на учениците и целите. Кај дел од наставници планирањата не ги содржат сите неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот.

Тимот за меѓуетничка интеграција во образованието недоволно им обезбедува поддршка на наставниците за вградување на целите од меѓуетничка интеграција во планирањата на наставниците. Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП. Мал број наставници имаат планирани активности за реализација на содржини од меѓуетничка интеграција, екологија, здравје и општо корисна работа.

Целите на наставата, очекуваните исходи од учењето и начинот на оценување не се јасно утврдени во планирањата кај најголем број наставници. Мал број од наставницие ги користи информациите од оценувањето за да ги идентификува потребите на учениците и да ги планира следните чекори во учењето.

Наставниците планираат во рамки на стручни активи, користат стручни искуства од обуки, делумно од регионална соработка со други училишта и меѓународни искуства.

Распоредот на часови е изработен во согласност со наставниот план при што се почитува најдобриот интерес на детето. Училиштето навремено изработува распоред за додатна и дополнителна настава, но истиот не се реализира според предвидената динамика. Училиштето има изготвено и распоред за ѕвонење.

## 3.2. Наставен процес

Наставата во СОУ„Исмет Јашари“ – Липково започнува од 8 часот и трае до 13 часот и 30 минути и работат само во прва смена. Одреден дел од наставниците користат наставни форми, методи и техники за работа што соодветствуваат на потребите и можностите на учениците.

Наставниците користат многу добро испланирани и соодветни методи за работа со учениците, индивидуално, во парови, во групи или заедничка работа со целата паралелка. Од информатичко – комјутерска технологија училиштето располага со ЛЦД проектори, лап топ комјутери, комјутери, смарт табли. Најголем број од наставниците се обучени за употреба на ИКТ. Помал број наставници во планирањата имаат планирано реализација на наставни единици со примена на ИКТ и користење на линк и е-содржини. Во училиштето има инсталирано сопствена безжична интернет мрежа во целокупниот простор, финансиран од буџетот на училиштето.

Употребата на ИКТ во наставата не е согласно предвидената динамика во Годишните планирања. Изборот на задачите и активностите (со различно ниво на сложеност) од страна на поголем број наставници не се приспособени на индивидуалните образовни потреби на

учениците. Најголем број од наставниците ги користат расположливите ресурси (нагледни средства). Од страна на помал број наставници на учениците им овозможува да работат според сопствените можности.

Поучувањето кај поголем број наставници е јасно и разбирливо, наставниците наставата ја реализираат со различни интерактивни методи и сите ученици се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата.

Најголем број наставници се однесуваат со учениците на начин што промовира прифаќање, почитување, соработка, разбирање и доверба. Наставниците ги информираат учениците за целите на наставата програма и очекуваните исходи од учењето, а поучувањето е јасно, недвосмислено и разбирливо.

Интеракција наставник – ученик и ученик – ученик е добра. Наставниците со учениците се однесуваат на начин што промовираат прифаќање, почитување, помош, соработка, толеранција, разбирање и доверба.

Училиштето има пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес, секој наставник двапати во едно полугодие на час не се посетува од страна на директорот или од стручните соработници. Практика на размена на искуства со колеги од училиштето преку нагледен час нема.

### 3.3. Искуства на учениците од учењето

Поголем број ученици го доживуваат училиштето како стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење. Учениците се чуствуваат безбедни во работилница и во спортската сала. Училишниот простор естетски е уреден. Трудовите на учениците се изложуваат на видни места во училниците. Ученикот има пристап до различни материјали за учење.

Најголем број учениците сметаат дека начинот на кој се учи, а посебно практичната настава по медицинските струки претставува голем предизвик за нив.

За време на часот, најголем број наставници ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Наставниците не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици.

Учениците кај поголем број наставници имаат можност да го искажат сопственото мислење притоа почитувајќи го мислењето на другите. Нивното мислење од страна на поголем број наставници не се зема во предвид при решавањето проблеми и при одлучувањето. Учениците не се потикнуваат да иницираат и спроведуваат активности со одговорности во училиштето и во локалната средина.

Учениците сметаат дека училиштето добро ги поттикнува и мотивира за соработка меѓу учениците, негување интеркултурна комуникација и почитување на различностите. Учениците заеднички работат на различни проекти, во и надвор од наставата. Учениците се чувствуваат прифатени, задоволни и среќни во паралелката и во училиштето.

### 3.4. Задоволување на потребите на учениците

Наставниот кадар и стручните соработници систематски ги идентификуваат индивидуалните образовни потреби на учениците, како и пречките во процесот на учење и преземаат активности за нивно остварување, односно за нивно отстранување.

Поголем број наставници во соработка со стручните соработници во процесот на поучување користат различни интерактивни техники, со што им даваат можност на учениците

со различни способности да постигнат оптимален личен развој. Наставниците со помош на стручниот соработник – специјален едукатор и рехабилитатор (дефектолог) за потребите на учениците со посебни образовни потреби изготвуваат индивидуални програми за работа.

## 3.5. Оценувањето како дел од наставата

Училиштето ги применува позитивните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Наставниците имаат изготвено стандарди и критериуми за оценување на учениците.

Училиштето на ниво на стручни активи нема усогласени критериуми, стандард и инструмент за оценување со кои учениците и родителите се целосно запознаени. Поголем број наставници користат методи, форми и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците.

Наставниците не целосно ги користат информациите добиени од оценувањето за да ги подобрат планирањата и реализацијата на наставата.

## 3.6. Известување за напредокот на учениците

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Родителите се известуваат за напредокот на учениците преку индивидални средби, родителски состаноци и е-дневник.

Родителите добиваат информации за постигнувањата на учениците на ниво на паралелка, како и пишани извештаи (евидентен лист) и детали за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет, вклучувајќи информации за личниот и социјалниот развој на детето. Од родителите не се бара да дадат своја повратна информација по извештајот, со цел да се преземаат соодветни активности согласно со гледиштата на родителите во однос на постигнувањата и напредокот на нивните деца.

# 4 ПОДДРШКА / ПОМОШ НА УЧЕНИЦИТЕ

## 4.1. Севкупна грижа за учениците

Училишниот објект се наоѓа веднаш до главната улица каде сообраќајот е многу фреквентен. Учениците и вработените при излез од училишниот објект се изложени на ризик со стапнување на тротоарот на главната улица, од причина што на два метри се од главната улица која што е многу фреквентна за сообраќај и истиот е безбеден за одвивање на наставата. Инфраструктурата во училиштето е безбедна и не претставува опасност за повреди на учениците. Училиштето презема мерки за заштита од физички повреди.За сите потенцијално опасни места во училиштето, што не може да се избегнат, учениците се запознаени за нивното присуство и во континуитет, од страна на наставниците се информираат за можните опасности. При несреќни случаи, во училиштето има лица кои се обучени за давање прва помош на учениците. Училиштето има обезбедено 1 сандаче за прва помош.Училиштето има склучено договор со фирма за интернет мрежа, но од служебните разговори со наставниците и учениците беше истакнато дека интернет мрежата во училиштето е повремено функционална. Во училиштето има ПТТ врска, има громобранска инсталација во еден дел од училишната зграда, а располага со 3 функционални хидранти и 10 ПП апарати и истите се сервисирани од овластена фирма Друштво за противпожарна заштита„Превентива 2018" на ден 05.02.2025 година.

Училиштето има склучено договор бр.0624-7721347424-011 од 26.11.2024 година за осигурување на училишните објекти соТриглав Осигурување Ад. Училиштето поседува полиси за осигурување за учениците и осигурителни полиси за осигурување на вработените од Евролинг Осигурување АД со бр.1666188 од 15.04.2025 година. За безбедноста во училиштето се грижат наставниците, односно, во училиштето постои дежурство од страна на наставниот кадар, техничкиот персонал, има и дежурни ученици.За обезбедување на училишните објекти во училиштето има и 3 ноќни чувари и има видео надзор.При елементарни непогоди училиштето има интерен акт и упатство за постапување во такви ситуации, има план за евакуација, и има изведено симулација за постапување во случај на елементарна непогода или друг вид на непогоди. Училиштето има изготвено програма за спречување на насилство во училиштето.

Во училиштето има пишани документи односно има Куќен ред и Кодекс на однесување за сите структури во училиштето во кои се дефинирани сите облици на однесување. Не сите ученици се запознаени со куќниот ред и кодексите на однесување во училиштето. Во училиштето се санкционира секаков облик на насилство манифестиран од било кого и училиштето има воспоставено механизми за справување со таквите појави. Класните раководители имаат теми за работа со содржини за взаемно почитување, рамноправност и правата на децата.

Училиштето има политика за забрана на пушење, внесување цигари како и други наркотични средства во училишниот објект. Во училишниот објект поставени се табли за забрана на пушење. Во училиштето не се пуши и забраната за пушење се почитува.Училиштето нема училишна кујна, а учениците се хранат од околните објекти за исхрана, за што училиштето нема увид во квалитетот на храната што им се нуди на учениците од објекти што се во непосредна близина на училиштето. Во училиштето има мал број на ученици од социјално загрозени семејства. Има случаеви каде се потребни дополнителни вложувања во наставните и вон наставните активности и за нив се обезбедува финансиска поддршка од доброволни донации.

Хигиената во училишните простории и во ходниците задоволува, додека во дел од тоалетите посебно на учениците не задоволува. Училниците се чистат и проветруваат а ходниците се чистат после завршување на секоја смена.

Во училиштето има ученици со пречки во развојот кои наставата ја следат во редовна настава и тоа 3 (три) ученици имаат наод со ментална попреченост од кои 1 (еден)  ученик има ментална и физичка попреченост.За ученикот со физичка попреченост училиштето има создадено услови за олеснување на пристапот и движењето на ученикот во училишниот обејкт.

## 4.2. Здравје

СОУ  „Исмет Јашари“ општина Липково, има извршено дезинфекција, и дератизација на училишните простории за тековната учебна година.Училиштето постапува по препораките и насоките на санитарната инспекција во врска со одржувањето на хигиената во училиштето и заштитата од заразни болести.Тоалетите во училиштето се наоѓаат во училишниот објект, а хигиената во училиштето задоволува, додека во дел од тоалетите посебно на учениците не задоволува. Во училиштето нема функционален  тоалет за ученици со физичка попреченост. Подот на училниците, скалите, ходниците и тоалетите за наставниците се чистат секој ден, по завршување на секоја смена, а училишниот инвентар се чисти по потреба, додека тоалетите на учениците не се одржува хигиената во доволна мера.

Дворот во училиштето е чист од секаков вид отпадоци и  редовно се одржува. Дворот во училиште е делумно хортикултурно и естетски  уреден. Во дворот на училиштето и во секоја училница  има корпи за отпадоци.

Во соработка со здравствени институции  и во согласност со календарот за имунизација се организира вакцинација а се вршат и систематски прегледи и стоматолошки прегледи на учениците и за нив се води уредна евиденција. Грижата за здравјето на учениците е опфатена и во планирањата на стручната служба и мал дел од наставниот кадар.Содржините се однесуваа на  едукација за заштита од заразни болести, како и превентива против можни хронични или други заболувања. Училиштето нема пропишани процедури за грижа за учениците кои поради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава..

Вработените во СОУ „Исмет Јашари“ општина Липково се систематски прегледани за последните две години, односно последниот систематски  преглед на вработените е заведен под дел.бр.03-2242/25 од 03. 03.2025 година   и   бр.03-62 од 03.03.2025 година. Договор склучен помеѓу СОУ„Исмет Јашари” Липково и ПЗУ Др.Драган  заверен на ден 03.03.2025 година.

Согласно воспоставените еко – стандарди, во училиштето спроведени се точки на акција со содржини за здравјето на учениците. Содржините се однесуваа на правилна исхрана, квалитет на храна, пирамида на исхрана, упатства за користење здрава храна, влијание на храната врз здравјето и сл.

Севкупната грижа за здравјето на учениците, хигиената и заштитата од болести задоволува.

## 4.3. Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

Училиштето има Програма за професионална ориентација на учениците. Стручните соработници и наставниците во училиштето се грижат за давање помош при изборот за понатамошно образование.

Дел од наставниците во училиштето им даваат стручна помош на учениците за нивната професионална ориентација како и за изборот на нивното понатамошно образование. Училиштето на учениците од завршната година им дава информации за понатамошното образование, а најчесто учениците се информираат преку отворени денови на Универзитетите кои нудат промотивен материјал и информации за условите и уписите во нив.

Со учениците кои имаат емоционални проблеми во континуитет се разговара со нив и нивните родители, при што советодавно се делува на учениците и на родителите. Училиштето нема пропишани процедури за навремено откривање и грижа за учениците со емоционални проблеми. Стручната служба се јавува во улога на советодавен орган за оние родители кои имаат потешкотии со однесувањето на своите деца или пак чуствуваат немоќ во воспитното делување, соодветениот авторитет или пак не поседуваат доволно капацитет и знаење да се справат со одредени проблеми.

## 4.4. Следење на напредокот

Класните раководители и наставниците водат уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението за секој ученик посебно и за пралелката како целина. Наставниот кадар води е-дневник, но со пропусти. Класните раководители постигнувањата на учениците ги евидентираат во е-дневникот на паралелката, евидентни листови, и главните книги. Училиштето води евиденција за напредокот на учениците во совладувањето на наставните содржини преку континуирано следење и оценување – формативно и сумативно, за напредокот, редовноста и поведението на учениците. Во поголемиот број на случаи интересот на родителите за постигањата на учениците не е на задоволително ниво.

Класните раководители на крајот на секој класификационен период поднесуваат извештај за успехот на секој ученик, целиот клас и успех на учениците по предмети, слаби оценки по ученици и слаби оценки по предмети. Во училиштето постојат тромесечни, полугодишни и годишни извештаи за успехот и поведението на учениците. Извештаите се достапни на увид на стручните соработници, директорот на училиштето, наставниот кадар во училиштето, родителите и учениците и истите се користат за подобрување на успехот на учениците.

Преминувањето на учениците во друго училиште е во согласност со законските прописи. Училиштето применува законски постапки со договорни процедури и има податоци за учениците кои доаѓаат од друго училиште.

# 5. УЧИЛИШНА КЛИМА

## 5.1. Училишна клима и односи во училиштето

Училишната клима и односите во училиштето се добри. Односот меѓу учениците е на добро ниво и се базира на взаемно почитување и помагање. На задоволнително ниво се и односот меѓу наставниците и учениците релацијата наставник-ученик, ученик-наставник, наставник-родител, родител-наставник и наставник-наставник.

Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето, посветени се на целите и се грижат за неговиот углед. Поголем дел од наставниот кадар ужива респект кај родителите.

Училиштето е препознатливо по својот изграден углед и имиџ, кој најповеќе се темели на покажаните резултати односно постигањата на учениците во различни области, како и освоените награди на општинско, регионално и на државно ниво. Училиштето има сопствена визија и мисија и се бележат активности за нивно исполнување.

Училиштето има Кодекс на однесување во кој се поставени принципите и правилата на однесување на сите структури во училиштето, но со оглед на тоа што донесениот кодекс е стар потребни се негови измени и дополувања односно усогласувања со новините во рамки на образовниот процес. Училиштето има пропишани процедури за реагирање во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување, пропишани со Кодексот на однесување и таквите процедури доследно се спроведуваат во пракса.

Правилникот за изрекување педагошки мерки, соодветно се применува. Поведението на учениците споредбено за три учебни години воглавно е примерно. Дисциплината на учениците во училиштето е добра и генерално се чувствува работна атсмосфера. Наставниците се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на одморите, како и создавање на пријатна атмосфера за работа за време на наставата и вонраставните активности.

Во училиштето, постои професионална соработка меѓу вработените и заемна почит. Дисциплината на вработените и учениците е добра. Учениците се совесни и учтиво се однесуваат и соработуваат меѓусебно и со наставниот кадар. Во училиштето нема пишани процедури или интерен акт во која е уредена постапката за избор и формирање на ученичка заедница, односно училиштето делумно го почитува принципот на демократско учество на учениците, има формирана ученичка заедница без да има пропишани процедури, правила и критериуми. Ученичката заедница е формирана во октомври во учебната 2024/2025 година и истата нема свој деловник и програма за работа. За изминатите учебни години, во училиштето нема докази за демократско учество на ученичката заедница за проактивност и учество во училишното функционирање.

Училиштето е отворено за соработка со локалната самоуправа како и за родителите кои не така често го посетуваат училиштето. Во училиштето постои добра соработка меѓу вработените, учениците и другите инволвирани во воспитно-образовниот процес.

## 5.2. Промовирање на постигањата

Училиштето ги промовира личните постигањата на учениците, преку доделување награди и пофалници на патрониот празник и други јавни манифестации. Постигањата на учениците односно добиените пофалби и награди делумно се поставени на видно место во училиштето. Постигнатиот успех на натпреварите се промовира пред соучениците, наставниците и пошироката заедница, но најчесто само во рамките на училиштето.

Наставниците ја согледуваат суштината на пофалувањето, како начин на мотивирање на учениците за постигнување подобри резултати во учењето. Училиштето нема изготвено

правилник за избор на ученик на генерација со критериуми и постапка за избор. Како непишана процедура која училиштето ја спроведува на крајот од учебната година, на Наставнички совет, на предлог од класните раководители, прогласува и наградува ученик на генерација кои во текот на школувањето се истакнал со учество на натпревари и има освоено награди.

Училиштето води политика на поттикнување на наставниот кадар и учениците да учествуваат и постигнуваат успех на натпревари на ниво на локална заедница и пошироко. Учениците учествуваат на организирани манифестации, проекти и натпреварувања. Училиштето презема активности за информирање и промовирање на реализираните еколошки активности.

## 5.3. Еднаквост и правичност

Најголем број од вработените во училиштето ги знаат и ги почитуваат правата на ученикот. Училиштето ги запознава учениците со нивните права и се залага да се обезбедат еднакви услови за учење и за реализација на воспитно-образовниот процес. Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување.

Во училиштето, се бележат повеќе примери за рамноправно третирање на учениците без разлика на полот, етничките и интелектуалните разлики. Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности во сите свои пишани документи и има механизми со кои обезбедува нивно почитување, во односите меѓу различните структури што учествуваат во училишниот живот. Во незначителен дел од наставните содржини постојат примери за тоа како учениците учат да ја почитуваат сопствената култура и традиција и културата и традицијата на другите етнички заедници.

## 5.4. Партнерски однос со родителите, со локалната и деловната заедница

Училиштето презема бројни активности за да ги поттикне родителите да се вклучат во подобрување на работа на училиштето. Од разговори водени во училиштето, со наставниците, членовите на Училишниот одбор и членовите на Советот на родители, се доби впечаток дека вклученоста на родителите во животот на училиштето задоволува.

Родителите учествуваат во работата на органите на училиштето преку Совет на родители и со своите претставници во Училишниот одбор и најчесто по потреба на училиштето. Има примери на вклученост на родителите во активности на училиштето, но не се забележува нивна проактивност и иницијатива. Советот на родители како посебно тело во рамки на училишното работење нема донесене деловник за работа и нема креирано програма за работа.

Училиштето користи ефективни методи за комуникација со родителите, преку организирање групни и индивидуални родителски средби. Училиштето со својата работа ги поттикнува родителите да се вклучат во теми, како што се советување на родителите, заедничко организирање на патронен празник и изведување на ученички екскурзии и други воннаставни активности. Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето и нивото на постигањата на учениците се јасни, разбирливи и достапни на сите родители.

Училиштето има соработка со локалната заедница, во рамките на формалните законски обврски и постојат мал број на примери на заеднички активности најчесто преку вклученост во

заеднички проекти и организирање и учество на настани од интерес на заедницата. Има примери за остварена соработка на училиштето со деловната заедница и добра соработка со невладиниот сектор. Преку своите претставници во Училишниот одбор локалната заедница е запознаена со ставовите, потребите и образовните политики за унапредување на статусот на училиштето.

# 6. РЕСУРСИ

## 6.1. Сместување и просторни капацитет

Училишниот просторен капацитет на СОУ „Исмет Јашари“ општина Липково, ги задоволува условите за реализација на задолжителна настава, но се соочува со недоволен училишен простор за организација и реализација на вонннаставни активности на учениците и реализација на кабинетска настава. Условите за работа на стручната служба и останатиот административно технички персонал се многу добри.

Наставата се одвива на албански наставен јазик и истата се изведува во една училишна зграда од цврста градба, составена од подрум, приземје и кат. Во предниот дел во рамки на училишниот двор постои уреден паркинг простор за вработените во училиштето и зелена хортикултурно уредена површина. Наставата во училиштето се изведува во 18 училници и 3 кабинети и тоа кабинет по Информатика, Медицина и кабинет по Музичко образование. Покрај наведените простории за изведување на наставата во училиштето, постојат и дополнители простории: канцеларија за училишната стручна служба (педагог и социјолог), канцеларија за дифектолог и педагог, канцеларија за секретар и сметководство, канцеларии за одоговорните лица, просторија за техничкиот персонал и канцеларија за директорот. Училишниот мебел е во добра состојба и е соодветен за потребите на училиштето. СОУ „Исмет Јашари“ општина Липково има 1 фискултурна сала која има одлични услови за изведување на наставата по спорт и спортски активности. Во рамки на училиштето има посебна просторија адаптирана за библиотека. Санитарни простории во училишниот објект има во доволен број за учениците како и за вработените и истите се во добра состојба. Училиштето нема соодветен или адаптиран тоалет за пристап на ученикот со физичка попреченост.

Училиштето нема доволен просторен капацитет за реализација на кабинетска настава. Овој училишен објект како дополнителни простории има канцеларија за помошник на директорот и наставничка канцеларија.

Затоплувањето во училишните објекти е со сопствено парно греење на нафта. Училиштето има јасен план и распоред и максимално и ефективно користење на расположливите капацитети за изведување на наставата и на вонннаставните активности.

## 6.2. Наставните средства и материјали

Снабденоста на училиштето со наставни односно нагледни средства и помагала делумно задоволува. Од разговор со фокус групите на наставници и ученици, како и од предлозите дадени во анонимните анкетни листови најголем дел од наставниците и учениците ја истакнуваат потребата од набавка на наставни и нагледни средства, целосно опремување на кабинети со нова и соодветена опрема по наставните предмети, набавка на современа технолгоија за унапредување на квалитетот на образовниот процес во училиштето. Нагледните средства со кои располага училиштето во однос на бројната состојба на ученици и наставници делумно задоволува.

Во училиштето е воспоставена поцедура за утврдување на потребата од нагледни средства. Потребите од наставни средства и материјали најчесто се утврдуваат на состаноци на стручни активи и на наставнички совет. Директорот води евиденција за потребите од наставни помагала и материјали за секој наставник, но во изминатиот период нема евиденција за обнова или набавка на нови нагледни средства.

СОУ „Исмет Јашари“ општина Липково, располага со 16 смарт табли поставени во училниците во училиштето, 5 лап топ компјутери, 57 компјутери, 8 печатари, 21 проектори, 1

фотокопир уред, 2 касетофони и друго. За учениците со посебни образовни потреби училиштето нема асистивна технологија.

Интернет врската во училиштето повремено е во функција. Во импровизираните простории за кабинети по Физика, Хемија и Биологија во училиштето се делумно опремени со нагледни средства и истите се стари и необновени. Наставниците и учениците знаат кои наставни средства и материјали им се на располагање и истите по потреба ги користат во наставата и учењето. Во наставата планирана е примена на ИКТ, но истото не се реализира или се реализира во мал обем.

Наставата по спорт и спортски активности се реализира во 1 спортска сала сместена во рамки на училиштето и нема спортските терени. Спортската сала е комплетно новоизградена со недоволно услови за реализација на наставата, нема греење на салата и истата е покриена со церада, покривот не е од цврст градба.

Од спортски реквизити училиштето располага со: 60 топки, 2 висок разбој, 2 мали голови, 4 кошаркарски табли, 2 одбојкарски мрежи, 6 големи душеци, 2 преградна мрежа и друго.

СОУ „Исмет Јашари“ општина Липково, располага со литература, но не во доволна мера. Во училиштето нема доволно книги по сите наставни јазици. Литературата со која располага училиштето не е во согласност со современите технички, развојни и образовни потреби.

Училишната библиотека е сместена во подрумските простории на училиштето и истата е уредна и опремена со неопходен инвентар. Просторот во кој е сместена библиотеката е мал, и истата нема ниту читална ниту медијатека. Библиотечната евиденција за издадени и вратени книги се води во електронска и пишана форма и истата се води уредно. Библиотеката е отворена за користење од учениците и наставниците во текот на училишниот ден, а работното време е истакнато на влезот од библиотеката. Располага со компјутер и повремено има интернет сигнал. Библиотеката располага со: 3300 наслови на училишни лектирни изданија на албански јазик, 190 на македонски јазик, 70 на англиски јазик, 190 наслови стручна литература, 1300 наслови по жанрови, 4300 учебници, од кои кај учениците се 3500 учебници.

Набавката на потрошен материјал се врши со тешкотии,зависно од финансиската состојба на училиштето.

## 6.3. Обезбедување на потребен кадар

Училиштето има вработено наставници и стручни соработици за реализирање на воспитно-образовниот процес по сите наставни предмети. За време на интегралната евалуација во училиштето има наставници со несоодветно образование, продолжен е договорот за работа заснован за учебна 2024/2025 година до објава на јавен оглас. Наставниот кадар е делумно обучен за работа со деца со посебни образовни потреби и ја нагласуваат потребата од обуки за работа со деца со посебни потреби.

Наставата во училиштето ја реализираат 36 наставници од кои 36 наставници се со високо образование, од нив 2 наставници имаат завршени магистерски студии и 1 наставник има завршено докторски студии. На неопределено работно време се вработени 22 наставници и 14 наставници се на определено работно време. Според полот 22 се жени и 14 се мажи, а според етничката припадност 1 наставник е Македонец и 35 наставници се Албанци. Според работниот стаж во воспитно образовни установи 21 наставници се до 10 години работен стаж, 14 наставници се со стаж од 11-20 години и 1 наставник е со работен стаж од 21-30 година.

Од вработените наставници 35 се соодветни по норматив за наставен кадар, а 1 (еден) наставник по латински јазик за 10 наставни часа и 6 часа по Историја е несоодветен, но училиштето поднело Барање до АВРСМ, како и објавен конкурс на кој не се јавил содветен

наставник за предметот Латински јазик и Историја. Вработените се редовни на работа, го почитуваат работното време и работните задачи, а редовноста ја следи директорот. Во случај на отсуство на наставник училиштето обезбедува замена.

Училиштето има пропишана процедура за реализација на приправничкиот стаж за наставник приправник. Во училиштето нема наставници – приправници. Кога има со нив работи определен наставник-ментор, во согласност со изготвена програма за работа со наставник-приправник. Во училиштето нема наставници кои напредувале во звање наставник-ментор или наставник – советник.

Во училишната библиотека ангажирано е едно лице стручен соработник – библиотекар со полно работно време. Училиштето има стручни соработници и тоа педагог, психолог, социјолог и дефектолог. По потреба тие им даваат стручна помош на наставниците, а по потреба советодвано дејствуваат врз родителите и учениците. При распределба на кадарот во предвид се земаат соодветноста во квалификацијата, квалитетите и искуствата на наставниците што придонесува за исполнување на цели на наставата.

## 6.4. Следење на развојните потреби на наставниот кадар

Вреднувањето на работата на наставниците и идентификувањето на нивните потреби, се врши преку посета на часови од страна на стручната служба, најмалку еднаш во учебната годината, а како причина се наведува големиот број на вработени наставници. Во изминатата и тековната учебна година директорот на училиштето нема посетено наставни часови. Исто така, потребите на наставниците се следат и преку планирањата и активностите на стручните активи.

Училиштето нема воспоставено процедури за идентификување на потребите за професионален развој на вработените и нема креирано програма за професионален развој на наставниците, а мал дел од наставниците изготвуваат личен план за професионален развој. Од разговорот со наставниците како и податоците добиени од анонимните анкетни прашалници наставниците ја истакнуваат потребата за обука за работа со деца со посебни образовани потреби. Наставничкиот кадар и стручната служба имаат ажурирани професионални досиеја.

## 6.5 Финансиско работење во училиштето

Училиштето има изготвено финансиски план и план за јавни набавки. За спроведување на јавните набавки училиштетои има формирано комисија за јавни набавки. Финансискиот план, финансиските извештаи и планот за јавни набавки се разгледуваат и се усвојуваат со одлуки од страна на училишен одбор.Училиштето ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето.

За трошењето на финансиските средства од буџетот на училиштето редовно се информираат и вработените во училиштето, родителите и локалната заедница. Училиштето обезбедува финансиски средства и од сопствени приходи преку издавање на спортската сала со склучен договор за давање под закуп. Директорот во консултација со чинителите на образовниот процес во училиштето, како и органите на училиштето обезбедува економичност и правичност при распределбата на буџетот. Постапките за финансиско работење што ги спроведува училиштето се во согласност со законските норми.

# 7. Управување, раководење и креирање политика

## 7.1. Управување/ раководење со училиштето

Училишниот одбор на училиштето е конституиран во согласност со законската регулатива и Статутот на училиштето и истиот се состои од 11 членови и претставник од Стопанска комора на РСМ без право на глас. Од 11 членови на Училишен одбор, од нив 10 се со актуелен и важечки мандат, додека на 1 член претставник од МОН му е истечен мандатот во 2018 година и се уште нема назначено нов член. Училиштето има поднесено барање до МОН за кооптирање на еден член за Училишен одбор и тоа: барање бр.03-90/1 од 10.04.2025 година, но до изготвување на овој извештај се уште нема добиено член за истото. Работата на училишниот одбор е јасно дефинирана со Деловникот за работа на училишниот одбор заведена под бр.02-4/4 од 16.01.2025 г. Годишната програма за работа на училиштето заведена под бр.01-170/2 од 12.08.2024 година содржи посебна програма за работа на Училишниот одбор. Присуството на состаноците е редовно со кворум за работа од претставниците на сите структури. Училишниот одбор им обезбедува редовни, детални и сеопфатни информации за својата работа на другите субјекти, вклучени во воспитно-образовниот процес.

Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури. Училиштето нема реализирано обука за членовите на училишниот одбор. Потребната подршка за законско работење се добива од секретарот на училиштето. Има многу добра соработка со раководниот орган и стручната служба на училиштето. Училишниот одбор активно учествува во креирањето политики и води училишни политики во кои се афирмира инклузивноста на училиштето, меѓуетничка интеграција во образованието и младинско учество.

Работата е транспарентна за сите структури во училиштето. Соработката со директорот на училиштето е многу добра, со остварен партнерски однос и според изјаснувањето на членовите запознаени се со сите прашања во врска со воспитно образовната работа, самоевалуацијата, развојната програма како и за управување со финансиите во училиштето. Училишниот одбор се свикува со електронска покана и обезбедени материјали за работа на состаноците.

Раководен орган во училиштето е Директор избран со Решение бр.02-835/5 од 30.09. 2024 година на Градоначалникот на Општина Липково, со претходно искуство за директор од четири години и в.д. директор од 6 месеци. Истиот поседува Уверение бр.11-43/3 од 27.07.2020 година за положен испит за директор. Истиот поседува диплома за завршено високо образование и стекнат назив професор по физичка култура со диплома бр.111 од 15.12.2003 година издадено од Факултет за физичка култура при Универзитетот во Приштина, Р.Косово. Поседува и Одлука бр.09-681/2 од 05.04.2004 година за признавање на високообразовна квалификација стекната во странство издадено од Министерство за образование и наука на РМ.

За својата работа директорот на училиштето има изготвено Програма за работа која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2024/2025 година. Директорот има добра соработка со вработените, користи различни идеи и искуства во спроведување на активностите. Работењето е транспарентно со директна комуникација, преку соопштенија, истакнување на информации на огласна табла, како и писмена и електронска кореспонденција со оние кои треба да бидат информирани.

Директорот има стратешка определба заснована врз јасна визија што ги содржи гледиштата и потребите на сите вклучени страни во животот на училиштето прифаќајќи ги сугестиите, барањата и одговорностите преку соработка и интеракција со родителите,

вработените, учениците, како и со локалната заедница и основачот и невладиниот сектор. Соработката со Општина Липково е на многу добро ниво. Фокусот на работењето на директорот е подобрување на условите во училиштето со акцент на оптимално обезбедување на икт опрема со цел подобрување на наставниот процес, снабдување со нагледни наставни средства за потребите на наставниците и учениците во наставата, вклучување на наставниците во обуки, советувања и семинари за подобрување на реализацијата на воспитно образовниот процес, реализација на стратешките цели од програмата за развој, подршка на ученичкиот парламент и обезбедување на поактивно вклучување на учениците во области кои се во нивен интерес, подршка и активно учество во спроведувањето на програмата за Меѓуетничка интеграција во образованието како и негување на мултикултурализмот во училиштето. До сега е реализирано дел од планираните активности во програмата за развој со запазување на временската рамка. Раководењето на директорот се заснива на тимска работа, преку вклучување на вработените во процесите на планирање, реализација и евалуација на севкупните активности. Раководниот орган на училиштето е проактивен во реализирањето на училишните политики за инклузивноста и граѓански активизам.

## 7.2. Креирање на образовната политика

Целите на училиштето, како и мисијата и визијата на училиштето се во согласност со целите на државната и локалната, образовна политика. Тие се прецизни, јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата, поддршка на активностите за инклузија, меѓуетничка интеграција и младинско учество, професионален развој на наставниците и унапредување на постигнувањата на сите ученици.

Вработените, родителите и учениците запознаени се со мисијата и визијата, активно учествуваат во креирањето на истото и се прават напори за нивно остварување. При донесување на програмските документи на училиштето се почитуваат законските процедури, но во училиштето нема пропишани процедури за донесување на училишни политики. Училиштето соработува со соодветни институции за остварување на мисијата и визијата. Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за резултатите што треба да се постигнат и динамиката за реализирање.

Дефинираните стратешки цели во развојната програма за подобрување на работата во училиштето за 4 години фокусот ја имаат добросостојбата на учениците. Наставниот процес треба да овозможи тие да се развиваат во критички мисловни субјекти и активни учесници во граѓанското општество и пазарот на трудот. Преку планот за развој се прават напори и креираат алатки и механизми за инкорпорирање на генеричките компетенции – за критичко мислење и носење аргументирани одлуки и подобрување на стручните компетенции за решавање проблеми и примена на знаења во реални практични ситуации.

За реализација на целите Директорот како законски претставник на училиштето соработува со Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образование, Државниот испитен центар, Државен просветен инспекторат, како и со локалната и деловната заедница во општината и други органи на државната управа и субјекти кои се од интерес за успешното работење на училиштето.

# 8. Наоди и препораки

## 8.1. Силни страни

- Наставниците наставата ја реализираат со различни интерактивни методи и сите ученици се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата;
- Наставниот кадар и стручните соработници систематски ги идентификуваат индивидуалните образовни потреби на учениците, како и пречките во процесот на учење и преземаат активности за нивно остварување;
- Наставниците и учениците знаат кои наставни средства и материјали им се на располагање и истите по потреба ги користат во наставата и учењето;
- Воспоставен однос, грижа и пристап на наставниците кон учениците;
- Училиштето има Програма за професионална ориентација на учениците;
- Обученост на целокупниот наставен кадар и стручните соработници за работа со учениците со посебни образовни потреби;
- Постигнати резултати од работата со учениците со посебни образовни потреби;
- Опремени училници, работилници и лаборатории со опрема за непречена реализација на ИКТ во наставата;
- Склучени меморандуми за соработка со голем број на компании за реализација на практичната обука во реални услови;
- Училиштето има развиено своја апликација за електронско пријавување на секаков вид насилство;
- Развиен механизам на промовирање на струките, образовните профили и постигнувањата на учениците;

## 8.2. Слаби страни

- Не се изработуват индивидуален образовен план за учениците со посебни образовни потреби по сите наставни предмети;
- Недоволна реализација на дополнителна и додатна настава;
- Не се применува во целост постапката за определување на изборни предмети, како и не се почитуваат потребите и барањата на учениците;
- Недоволно планирање кај наставниците за реализација на наставните единици со примена на ИКТ во наставата;
- Не задоволува хигиената во дел од тоалетите посебно на тоалетите на учениците;
- Нема во училиштето функционален тоалет за ученици со физичка попреченост;
- Нема пропишани процедури, правила и критериуми, односно нема свој деловник и програма за работа ученичката заедница;
- Нема изготвено правилник за избор на ученик на генерација со критериуми и постапка за избор во училиштето;
- Нема пропишани процедури во училиштето за навремено откривање и грижа за учениците со емоционални проблеми;
- Нема посетено наставни часови во изминатата и тековната учебна година директорот на училиштето;
- Во Училишниот одбор нема претставник од МОН, на истиот му е истечен мандатот во 2018 година и МОН се уште нема назначено нов член;
- Нема училиштето реализирано обука за членовите на училишниот одбор;

## 8.3. Препораки

- Да се изработуват индивидуален образовен план за учениците со посебни образовни потреби по сите наставни предмети;
- Да се реализират часови по дополнителна и додатна настава;
- Да се применува во целост постапката за определување на изборни предмети, како и да се почитуваат потребите и барањата на учениците;
- Да се планират реализација на наставни единици со примена на ИКТ во наставата;
- Да се прават напори за подобрување на хигиената во тоалетите на учениците;
- Да се преземат мерки за обезбедување на тоалет за ученици со физичка попреченост;
- Да се изготват процедури, правила и критериуми, односно деловник и програма за работа за функционирање на ученичката заедница;
- Да се изготви правилник за избор на ученик на генерација со критериуми и постапка за избор;
- Да се изготват пишани процедури за навремено откривање и грижа за учениците со емоционални проблеми;
- Да се врши посета на наставните часови од страна на директорот на училиштето;
- Да се назначи претставник од МОН во Училишниот одбор;
- Да се реализира обука за членовите на училишен одбор во училиштето.

| | |
|---|---|
| Afrim Saliu, Раководител на инспекциски тим – главен инспектор | |
| Xhavid Sulejmani, член на инспекциски тим | |
| Александар Панев , член на инспекциски тим | |